Бр./Nr 12 - 131/1
11 -01- 2021 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019),член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител – физичко лице, на 45-та седница, на продолжението на седницата одржано на ден 30 Декември 2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12- 4362/1 од 18.09.2019 година на подносителот ------------------------ од -------------------, СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност – нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-4362 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 4362/1 од 18.09.2019 година.

Предметот со број 12-4362 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

За предметниот случај, од аспект на постоењето на ризик од корупција со донесување на одлуки врз основа на дискреционото овластување од член 161 став 1 од Законот за здравствена заштита да се извести Министерот за здравство на Република Северна Македонија.

Образложение

Предметот со број 12 - 4362од 2019 година е оформен врз основа на добиена пријава бр. 12-4362/1 од 18.09.2019 година, од познат подносител - физичко лице, -------------- од ------------, со познати адресни податоци.

Со пријавата се изнесува сомневање за противправно спроведени два огласи за вработување за потребите на ЈЗУ -------------------- со цел за вработување на лица за кои се претпоставува дека биле/се блиски на Директорот на оваа ЈЗУ.

Од содржината на пријавата и приложената документација произлегува дека во постапката по јавниот оглас бр.-------------- од -------------2018 година за прием на ------------------------ изборот помеѓу ------ од пријавените и рангирани кандидати бил извршен на начин што збирно по сите критериуми, вклучително и спроведениот стручен испит биле избрани лицата рангирани на позициите бр.----------------------------- од ранг листата, а што според подносителот на пријавата кандидат за вработување рангиран на позицијата бр. ---------- се должи на приоретизација на лица блиски на директорот на ЈЗУ и на евентуално претходно запознавање на некои од кандидатите со содржината на тестовите по кои се полага стручниот дел и тестовите за познавање на странски јазик, а што било особено индикативно за

кандидатот на позицијата бр. ----------- со цел да се надоместат бодови за сметка на бодовите од просекот од средно образование.

Постапката по овој оглас , врз основа на одлука на Државната комисија за длучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен, завршила со поништување на огласот и на донесената одлука за прием на кандидатите за вработување, меѓутоа последователно бил објавен нов јавен оглас бр.-------------- од ---------------2019 година и по спроведена постапка по истиот за вработување биле избрани – на ист начин, истите шест кандидати.

По новообјавениот оглас од рангираните кандидати изборот за прием за вработување бил извшен така што биле избрани лицата рангирани на позициите бр. -------------------------------, а кои се совпаѓаат со првично избраните од претходниот оглас за вработување, па оттаму и истите сомневања на подносителот за злоупотреби на постапката и на овластувањето на директорот при вршењето на изборот.

Според Државната комисија наводите на подносителот за изборот на кандидати според наведениот ранг на ранг листите се потврдуваат од приложената документација, меѓутоа во конкретниот/те случај/и отсуствува доказ и потврда по однос на наводите кои се однесуваат на претходното запознавање на некои од кандидатите со содржината на тестовите по кои се полага стручниот дел и тестовите за познавање на странски јазик. При ова, за Државната комисија не е и неможе да биде елемент за надлежно постапување начинот на избор помеѓу рангираните кандидати, ова со оглед на тоа што истиот не е во спротивност со одредбата од членот 161 став 1 од Законот за здравствена заштита.

Во овој и во многу други случаи на постапување при избор на кандидати за вработување во областа на здравствената заштита Државната комисија ја констатира постоечката системска слабост на легислативата која се однесува на важечкото законско решение, односно на даденото дискреционото овластување на одговорното лице - работоводниот орган на здравствената установа дискреционо да изврши избор на кандидати за вработување. Од тие причини, од аспект на постоењето на ризик од корупција со донесување на одлуки врз основа на дискреционото овластување од член 161 став 1 од Законот за здравствена заштита, Државната комисија за предметниот случај ќе го извести Министерот за здравство на Република Северна Македонија.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 30 Декември 2020 година под број 12 - 131/1 /___**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Изработил: Х.М., Советник
Одобрил: К.Н, Член на ДКСК

Доставено до
-Архива
-Подносителот